

# Синхронизација на Податоците:
## Докажани Бенефити за Вашата Компанија

Секоја компанија во светот има база на податоци исполнета со информации за производите што ги произведува, или продава, или купува. Овие бази на податоци функционираат како каталог кои клиентите можат да го користат за да направат нарачки. Тешкотии настануваат кога една компанија треба да промени макар и еден бит на информација во нејзината база на податоци или да додаде нова ставка во неа: одеднаш нивниот "каталог" не е ажурен.

Тука GDSN може да помогне



# Имплементирајте GDSN и здобијте се со бенефити и можности за вашата компанија

**GDSN** е Глобална Мрежа за Синхронизација на Податоци (**GS1 Global Data Synchronisation Network®**), изградена врз Глобалниот Регистар (**Global Registry**), **GDSN** - сертифицираните бази на податоци (**Data Pools**), **GS1** Рамката за Контрола на Квалитетот (**Data Quality Framework**) и **GS1** Глобалната Класификација на Производите (**GPC-Global Product Classification**), кои кога се комбинирани обезбедуваат моќно опкружување за безбедна и континуирана синхронизација на точни податоци.

Како резултат на тоа, трговските партнери секогаш имаат индентични информации во нивните системи, а секоја промена во базата на податоци на една компанира автоматски се испраќа до сите други компании со кои соработува.

Кога снабдувачот и купувачот знаат дека ги поседуваат истите точни и ажурирани податоци, полесно, побрзо и поефтино можат да ги реализираат меѓусебните бизнис зделки.

Со Синхронизацијата се добиваат точни и соодветно класифицирани податоци, што резултира со поголема прецизност на нарачките, помалку обрасци за пополнување , полесцо пополнување на обрасците, помалку дупликат системи и процеси.

Најважно е тоа што **GDSN** претставува докажан начин за искоренување на непотребните трошоци од синџирот на снабдување.

Многу снабдувачи и продавачи на мало во светот, и големите корпорации и малите производители, веќе почуствуваа како синхронизацијата на соодветно и квалитетно класифицирани податоци преку GDSN може да донесе и бенефити и можности.

## Што е GS1?

**GS1** го дизајнира и раководи со глобалниот систем на стандарди за синцитот на снабдување.

Глобалниот систем на стандарди го користат компании-репрезенти на сите делови на синџирот на снтабдување: производители, дистрибутери, продавачи на мало транспортери, царина, провајдери на софтверски решенија, националните и меѓународните легислативни тела и многу други.

Под наше лидерство, компаниите кои веројатно имаат конфликтни деловни индереси, работат заедно на развој и имплементација на стандарди кои ги забрзуваат процесите кои се одвиваат во синџирот на снабдување побрзи, поефикасни, помалку комплексни и поефтини.

Без неутрална, непрофитна и глобална организација како **GS1**, компаниите негуваат различни бизнис интереси кои често се во судир во борбата за поголемо пазарно учество, ни о компании од различни бизнис сектори, веројатно не би можеле да се договарат за стандардите. Ние тоа го овозможуваме, во корист на корисниците.



# Како функционира GDSN?

**GDSN** е Глобална Мрежа за Синхронизација на Податоци (**GS1 Global Data Synchronisation Network**®) која ги поврзува трговските парнери со Глобалниот Регистар (**Global Registry**®), преку мрежата на **GDSN**-сертифицираните бази на податоци (**Data Pools**)

Во оваа мрежа, трговските единици се идентификуваат користејќи единствена комбинација на **GS 1** идентификациските клучеви кои се нарекуваат **GTIN** - Глобални Броеви на Трговските Единици (**Global Trade Item Numbers**) и **GLN** - Глобални Локациски Броеви (**Global Location Numbers**).



Ова се пет едноставни чекори кои им овозможуваат на трговските партнери меѓусебна синхронизација на податоците за трговските единици, локации и цени:

- **Внесување на податоци:** Продавачот внесува податоци за производите и информации за компанијата во неговата база на податоци.
- **Глобален Регистар:** Помал дел од овие податоци се испраќа до GS1 Глобалниот Регистар.
- **Регистрација за прием на информации:** Заинтересираниот купувач преку својата база на податоци, се претплатува за добивање на информации за продавачот.
- **Објава на податоци:** Базата на податоци на продавачот ги објавува бараните информации во базата на податоци на купувачот.
- **Потврда & Информирање:** Купувачот испраќа конфирмација до продавачот преку базата на податоци на секоја компанија, при што добавувачот се информија за акцијата преземена од страна на продавачот на мало со користење на информацијата.

GS1 Глобалниот Регистар претставува "мрежен олеснувач и информациски директориум" на GDSN кој гарантира за уникатноста на регистрираните единици и трговски партнери. Тоа овозможува воспоставување на синхронизирана комуникација со битните информации во мрежата и сигурност дека се користи стандарден сет на пораки, правила за валидација и процеси.

GDSN - сертифицираните бази на податоци се електронски каталози на стандардизирани податоци за единиците. Тие служат како извори и/или примател за матичните податоци. Базите можат да бидат раководени од GS1 Организација Членка или од страна на провајдер на решенија.
Временски ажурната листа на сите GDSN - сертифицирани бази на податоци секогаш е достапна на:
www.gs1.org/gdsn

# Важноста на синхронизацијата на висококвалитетни, соодветно класифицирани податоци

Пред воопшто податоците за трговската единица да влезат во GS1 Глобалната Мрежа за Синхронизација на Податоците, претходно мораат да бидат фактички точни и соодветно класифицирани.

Секако, тоа е основа за успешна програма за синхронизација на податоци. Синхронизацијата на неточни или несоодветно класифицирани податоци само создрава проблеми, доцнења и трошоци во синцирот на снабдување.

Лесно е да се замисли хаосот кој настанува во целиот процес на набавка и логистика кога висината на производот е забележана како 8 цм, а всушност изнесува 8 инчи, или е класифицирана како конзервирана наместо замрзната храна.

GDSN има нични да помогне да се превенираат проблемите од овој вид.



# GS1 Рамка за Квалитет на Податоците: Обезбедување на Квалитетн на податоците

GDSN се залага за програмите за квалите на податоците кои се одржливи и фокусирани на подолг рок: нашето искуство покажа дека бенефитите во деловното работење не доагаат во краткорочните делотворни прочистувања на податоците, туку од поседувањето на податоци со добар квалитет од самиот почеток.

За да се овозможи и задржи и ова ниво на квалитетот на податоците, GDSN препорачува спроведување на процесите опишани во GS1 Рамката за Квалитет на Податоците.

GS1 Рамката за Квалитет на Податоците ги користи GS1 стандардите и сосема се вклопува во GDSN. За снабдувачите овозможува подобрување на интерните процеси, и гарантира дека се размениле квалитетни податоци. За продавачите на мало, помага да се осигураат дека имаат средства/начин да ги примат и користат соодветните информации.

Овој систем за управување со квалитетот на податоците е воспоставен од GS1 заедно со:

- Глобалната Трговска Иницијатива – the Global Commerce Initiative (GCI)
- Европската Асоцијација на Брендови - the European Brands Association (AIM)
- the Food Business Forum (CIES)
- Меѓународниот Институт Европа - the International Commerce Institute Europe (ECR)
- Институтот за Маркетинг за Храна - the Food Marketing Institute (FMI)
- Асоцијацијата на Компании за производство на пијалоци, стоки за широка потрошувачка и храна - the Association of Food, Beverage & Consumer Products Companies (GMA)

Рамката овозможува бројни начини за покажување на усогласеноста. Се состои од процедура за авто-проверка на статусот на компаниите. За да прочитате и научите повеќе за GS1 Рамката за Квалитет на Податоците упатете се на: www.gs1.org/data_quality

# GS1 Глобална Класификација на Производи: Соодветна Класификација на податоците

За да се обезбеди точна и униформна класификација на производите, GDSN ја користи GS1 Глобалната Класификација на Производите (GS1 Global Product Classification - GPC), систем кој на купувачите им овозможува заеднички јазик за групирање на производите на индентичен начин, насекаде во светот.

Тоа ги подобрува точноста и интегритетот на GDSN, ја забрзува способноста за реагирање на потребите на потрошувачите и продонесува кон надминувањето на јазичните бариери.

Исто така се олеснуваат процесите за известување низ производните погони.

Основата на GPC се нарекува “тула” (“brick”). GPC тулите ги дефинираат категориите на слични производи. Користењето на GPC тулите како дел на GDSN осигурува точност на препознавањето на категориите на производите низ синџирот на снабдување од продавачот до купувачот

Повеќе информации – вклучувајќи и дискусија за методите на миграција од други системи за класификација во GPC – достапен е на:

# Деловни бенефити за продавачите на мало и добавувачите од сите големини



Значително се зголемува ефикасноста на логистичките операции, сметководството, поддршката на потошувачите и менаџирањето со инвентарот, а тоа се постигнува бидејќи нарушувањата во синџирот на снабдување во голема мерка се редуцираин!
Пофлуиден синџир на снабдување е помалку скап и побрз за сите инволвирани.

Поедноставно и подобрено известување, следење на нарачките и планирање на можностите. Дополнувањата и измените полесно се менаџираат и процесираат. Се редуцира количеството на грешки со кои треба да се третираат. Многу се подобрува точноста на нарачките, пратките и приемот. Помали логистички и работни трошоци. Поголема продажба. Уживајте во можноста да имате потполна доверба во информациите кои ги испраќате до или примате од вашите трговски партнери.

## Производители

- Времето на чување на залихи на полиците се намалува во просек на 2 до 6 недели
- Администрањето на нарачките и единиците се подобрува за 67%
- Проблемите со податоците за единиците во продажбата се намалуваат во просек за 25% то 55%

## Продавачи на мало

- Управувањето со нарачките и производните единици подобрено за 50%
- Одбивање на сметките на излезните контролни точки намалено за 40%
- Напорите при менаџирање на податоците намалени за 30%
- Подобрување на управувањето со снабденоста на полиците, со намалување на снемувањето на залихи од 8% на 3%

Извор: Reports by Accenture and Cap Gemini





# Отворете ја вратата за бројните можности

Кога имате доверба во информациите кои ги испраќате до и примате од вашите трговски партнери, многу други можности и нови начини за заедничкото работење за соработка се можни.

Синхронизацијата на податоците овозможува подготовка на иновативни програми кои можат да дадат максимални резултати од маркетиншките напори, револуција на промоцијата и трансформација на корпоративниот менаџмент.

Засилете ги корпоративните извештаи, брзо и лесно. Направете го процесот на идентификација, развој и користење реален (анг. **Global sourcing**).

Елиминирајте ги скапите вишоци во **IT** системот и внатрешните деловни процеси. Креирајте можности за размена на податоците. Проширете ја базата за вашите снабдувачи. Ставете им крај на многу од процесите кои одземаат многу време и на рачното пополнување на формулари. Започнете програми за синергија на продажбата. Воспоставете транспарентност во набавките и ценовната политика. Изобилство на генијални идеи и инвентивни проекти е можно кога ќе станете дел од Глобалната Мрежа за Синхронизација на Податоци!

Синхронизацијата на податоците исто така е основа на иницијативите за електронска комерција како што е: **Electronic Product Code™ (EPC). GS1 EPCglobal Network™** се потпира врз размената на точни податоци преку глобалната синхронизација на податоците.

Компаниите **Accenture** и **Cap Gemini sorabotuvaa** со други големи компании и групации, снабдувачи и продавачи, со цел да ги измерат деловните бенефити на **GDSN.** Партиципираа и **Royal Ahold, The Coca-Cola Company, General Mills, The Hershey Company, The J.M. Smucker Company, Johnson & Johnson, Nestlé, PepsiCo, Procter & Gamble, Sara Lee, The Gillette Company, Unilever,** и **Wegmans.**

Заклучоците и извештаите од овие студии на деловни случаи се поставени на веб страната на глобалната **GS1** Организација: **www.gs1.org/gdsn**



# GDSN: Синхронизацијата на точни и соодветно класифицирани податоци носи деловни бенефити

## Бенефити и можности за продавачите на мало

Подобро управување со производите, ценовната политика промотивните активности.

- Намалена потреба од локални застапници или медијатори
- Оспособеност за проширување на базата на добавувачи
- Подобрена видливост на нивото на залихите со цел нивно подобрено планирање
- Поедноставно и подобрено известување за производите
- Побрзо и полесно пласирање на нови производи на пазарот
- Помалку време потрошено на промотивни активности
- Полесно справување со промените на ценитеи намалена потреба од скапа човечка интервенција

Полесно Административно Справување со Податоците

- Потребен помалку административен персонал: помали трошоци
- Помалку време за одржување на каталозите
- Помала потреба за дуплирање на каталозите
- Табелите со вкрстени референци стануваат непотребни
- Помалку проблематични и сторни фактури
- Помалку дефектни нарачки и пратки
- Подобро надополнување на залихите

Поедноставна Логистика

- Заштеди поради поточни мерења и мерки
- Прием на пратки без грешки
- Помалку вратени пратки
- Помалку вратени нарачки
- Помалку ненамерно заостанати или “за секој случај” залихи
- Оптимизиран распоред по локации
- Оптимална ценовна политика

Позадоволни потрошувачи

- Подобра снабденост на полиците
- Побрз проток на потрошувачите на наплатните места
- Повеќе промотивни активности и попусти

Најважно

- Зголемена продажба





## Бенефити и можности за добавувачите

Подобро управување со производите, ценовната политика промотивните активности.

- Подобрена видливост на нивото на залихите со цел нивно подобрено планирање
- Поедноставно и подобрено известување за производите
- Побрзо и полесно пласирање на нови производи на пазарот
- Помалку време потрошено на промотивни активности
- Полесно додавање на нови производи во каталозите или промени на нивните цени

Полесно Административно Справување со Податоците

- Помала потреба за дуплирање на каталозите
- Табелите со вкрстени референци стануваат непотребни
- Помалку проблематични и сторни фактури
- Помалку дефектни нарачки и пратки
- Подобрување на наплатата

Поедноставна Логистика

- Ефикасна подготовка на нарачките поради точноста на мерењата и мерките
- Полесно следење и лоцирање на нарачките
- Помалку вратени пратки
- Поголем процент на всовршени нарачкиг
- Помалку итни нарачки
- Поточно избирање и сортирање
- Оптимално краткорочно планирање

Поголема ефикасност на вработените

- Помалку административни задачи
- Фокус врз зголемување на продажбата и поволностите за купувачите
- Можности за планерите да се насочат повеќе кон истражувањата на побарувачката на производи на пазатот и кон растот на бизнисот

Најважно

- Зголемена продажба

## Започнување со користење на GDSN

GS1 и GDSN-сертифицираните бази на податоци овозможуваат насоки и упатства и даваат поддршка во имплементацијата на GDSN.

Посетете ја веб страната: www.gs1.org/gdsn за повеќе инфоирмации

Вашата локална GS1 Организација Членка може да ви помогне исто така:
Контактирајте со Gs1 Македонија на: gs1mk@gs1mk.org.mk

**GS1** Македонија

Ул. Маршал Тито, 19
Скопје
Т (02) 32 54 250
Ф (02) 32 54 254

gs1mk@gs1mk.org.mk
www.gs1.org